...

Државен завод за статистика



# Статистичко истражување за продажба на земјоделски производи од сопствено производство на деловните субјекти и земјоделските задруги

## ЗШР_ЗЕ.ТРГ.33_М_МК_2024_12

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |

Државен завод за статистика

| | |
|---|---|
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |

Одделение за земјоделство, шумарство, лов, риболов и регистар на земјоделски стопанства

| | |
|---|---|
| **1.3** | **Лице за контакт** |

м-р Ива Кацарска Саздовска

| | |
|---|---|
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |

Советник

| | |
|---|---|
| **1.5** | **Поштенска адреса** |

ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

| | |
|---|---|
| **1.6** | **Електронска адреса** |

iva.kacarska@stat.gov.mk

| | |
|---|---|
| **1.7** | **Телефонски број** |

003892 3295 834

| | |
|---|---|
| **1.8** | **Факс** |

00389 2 3111336

| | |
|---|---|
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |

15/05/2025

| 2.2 | **Последна објава на метаподатоците** |
|---|---|

15/05/2025

| 2.3 | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
|---|---|

15/05/2025

| 3 | **Статистичка презентација** |
|---|---|

| 3.1 | **Опис на податоците** |
|---|---|

Вкупна вредност и количина на продадени земјоделски производи од сопствено производство на деловните субјекти и земјоделските задруги.

| 3.2 | **Систем на класификации** |
|---|---|

Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2;

Номенклатура на земјоделски производи, производи на шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив - НЗШРУ.

**Номенклатура на земјоделски производи, производи од шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив** (НЗШРУ),

**Номенклатура на територијални единици за статистика** - НТЕС, 2019

| 3.3 | **Опфат на сектор/и** |
|---|---|

Сектор А - Земјоделство, шумарство и рибарство, оддел 01 - Растително и животинско производство, лов и услужни дејности поврзани со нив, според НКД, Рев.2.

| 3.4 | **Статистички концепти и дефиниции** |
|---|---|

Статистичкото истражување за продажба на земјоделски производи се спроведува долг временски период, од јануари 1996 година Ова истражување е дизајнирано за да се обезбедат статистички податоци за продажбата на земјоделски производи за национални потреби. Во рамките на европскиот статистички систем не постои регулатива и пракса за прибирање на овој вид на податоци.

Целта на ова истражување е добивање статистички податоци за пазарот на земјоделски производи во фаза на реализација на пазарните вишоци на земјоделски производи, односно се прибираат податоци за :

Продажбата на земјоделските производи на претпријатијата и земјоделските задруги (статистика на продажба на земјоделски производи од сопствено производство).

Целта на истражувањето е да се обезбедат статистички податоци за продажбата на земјоделските производи спрема територијата на која е реализирано, изразена во количества и вредност. За таа цел, се прибираат следниве податоци за земјоделските производи, односно за групи производи:

- *количества на земјоделски производи продадени во текот на извештајниот месец;*

- *вредност на земјоделските производи продадени во текот на извештајниот месец; и*
- *просечни вредности по единица мерка на земјоделските производи продадени во текот на извештајниот месец.*

Извештајни единици  се претпријатијата кои врз основа на законските прописи се занимаваат со продажба на земјоделски производи заради понатамошна реализација или преработка на тие производи.

- претпријатија од областа на земјоделството,
- земјоделски и други задруги,
- претпријатија на коопернати во земјоделството,
- претпријатија од прехрамбената индустрија кои купуваат или откупуваат земјоделски производи за преработка или доработка (производство на свежо месо и преработка на месо, преработка на жита, конзервирање зеленчук и овошје, потоа млекарници, фабрики за шеќер, фабрика за масло, фабрика за скроб, пиварница, фабрика за шпиритус, фабрика за добиточна храна, каделари, тутунска индустрија и др.)
- претпријатија од областа на трговијата за снабдување со земјоделски производи, потоа специјализирани трговски претпријатија за промет со алкохолни пијалоци и стоки во вид на семе, лековити растенија добиточна храна шумски полодови и слично,
- претпријатија кои што се занамаваат со откуп како споредна дејност.

| Дефинирање на статистички варијабили |
| --- |
| Како продажба, испорачани количества на земјоделски производи на претпријатија и земјоделски задруги се сметаат оние количини на производи од сопствено производство на претпријатијата и земјоделските задруги и како локалните единици во состав на земјоделските претпријатија кои се занимаваат со земјоделска дејност, а кои во текот на извештајниот месец се испорачани до купувачи и до други корисници, без оглед на начинот на пресметка на цените ( продажба по пазарни цени и испорака по интерни цени и други форми на интерна реализација) и времето на плаќање.<br><br>*Продадените количини ги опфаќаат:*<br><br>*а)* земјоделски производи нарачани на друго претпријатие и земјоделска задруга од областа на стопанството ( индустриски, трговски, земјоделски и други) за преработка или понатмошна продажба како и надвор од стопанството (на здраствени установи, Армија, социјални установи и слично) за потрошувачка (сите се книжат како продажба);<br><br>*б)* количества на испорачен гоен добиток чијшто сопственик е претпријатието или земјоделска задруга, независно дали добитокот е гоен во самата организација или надвор од неа, (во друга организација или кај индивидуален земјоделски произвидител);<br><br>*в)*  испорачените количества на земјоделски производи што се искажани и пресметани како интерна реализација - снабдување на соптвените единици што се |

занимаваат со доработка или преработка на земјоделски суровини од сопствено производство (доколку не се фактурирани во продажбата);

| 3.5 | **Статистичка единица** |
|---|---|

Единици за набљудување: деловни субјекти и земјоделски задруги

| 3.6 | **Статистичка популација** |
|---|---|

Деловни субјекти и земјоделски задруги кои припаѓаат на секторот А (оддел 01) од НКД Рев.2.

| 3.7 | **Референтна област** |
|---|---|

-НТЕС 1 и 2 (Република Македонија),

-НТЕС 3 (статистички региони)

| 3.8 | **Временска покриеност** |
|---|---|

- Од 1949 година понатаму податоците се достапни на ниво на РМ.

- Од 2007 година понатаму податоците се достапни на ниво на региони.

| 3.9 | **Базен период** |
|---|---|

Не е применливо, СИ нема база (основа) за пресметка на индекси.

| 4 | **Единица на мерење** |
|---|---|

денари,

килограми, тони

парчиња,

литри,

| 5 | **Референтен период** |
|---|---|

Месечно прибирање на податоци и објавување на квартално ниво агрегирани.

| 6 | **Институционален мандат** |
|---|---|

НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА
Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) (https:// www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ ) Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23 и 57/25). (https:// www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-

%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0/ )

## 6.1 Законски акти и други договори

Национални:
Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20)
https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/

Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23 и 57/25). (https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/

## 6.2 Споделување на податоци

Не е применливо, податоците од СИ не се споделуваат.

# 7 Доверливост

## 7.1 Доверливост - политика

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со **Законот за државна статистика**.

2. Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во **Политиката за статистичка доверливост**.

## 7.2 Доверливост - третирање на податоците

Во согласност со член 38 од **Законот за државна статистика** и **Политиката за доверливост**,индивидуалните податоци не се објавуваат.

# 8 Политика за објавување

## 8.1 Календар на објавување

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, кој се ажурира квартално.

## 8.2 Пристап до Календарот на објавување

**Календар на објавување**

## 8.3 Кориснички пристап

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „**Соопштенија** " на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

# 9 Фреквенција на дисеминација

Тримесечна

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Во согласност со Стратегијата за дисеминација, соопштенијата се објавуваат квартално и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија“

Соопштение: Откуп и продажба на земјоделски производи.

| 10.2 | Публикации |
|---|---|

**Статистички годишник**

**Регионите во Република Северна Македонија**

**Северна Македонија во бројки**

**МакСтат избор**

**Статистика на животна средина**

| 10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

МакСтат база на податоци - Цени

Број на прегледи на податочните табели од МАКСтат=55

| 10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со **Законот за државна статистика** ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „ **Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели** “.

| 10.5 | Друго |
|---|---|

Статистички годишник
Податоци кои се испраќаат во Евростат и се објавуваат на веб-страницата на оваа институција.

| 10.6 | Документација за методологијата |
|---|---|

Методолошко објаснување, национално,

Цени

## 10.7 Документација за квалитетот

Не е применливо.

## 11 Управување со квалитет

## 11.1 Обезбедување на квалитетот

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем. Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в.

## 11.2 Оценка на квалитетот

Податоците за продажба се навремени, точни, релевантни, веродостојни и споредливи.

Податоците за продажба се користат од Владата на РМ, бизнис заедницата, невладини организации, факултети и научно-истражувачки институции, здруженија и асоцијации на земјоделски производители, медиуми, студенти и други физички и правни лица. Податоците се клучни показатели за движењата во земјоделството и се основа за анализи, планирања, инвестиции и соодветни одлуки и мерки за континуирано подобрување и унапредување на состојбите во секторот Земјоделство во земјата.

## 12 Релевантност

## 12.1 Потреби на корисниците

Податоците се користат од страна на креаторите на земјоделските политики, бизнис заедницата, агро-економистите, агрономите, земјоделците, невладиниот сектор и други организации.

## 12.2 Задоволство на корисниците

Државниот завод за статистика ја спроведува Анкетата за мерење на задоволството на корисниците http://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=33 . Оваа анкета е спроведена во 2009, 2012, 2015 и последната во 2017 година.

## 12.3 Комплетност

Во однос на индикаторите кои се предвидени според Регулативата бр. 1165/2008 на Европската Комисија, ДЗС обезбедува околу 90% од нив.

## 13 Точност и веродостојност

## 13.1 Севкупна точност

Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците.

Точноста на податоците се обезбедува со преземање на мерки за намалување на примерочните и/или непримерочните грешки, како и со дополнителна споредба и анализа на податоците пред тие да бидат објавени.

## 13.2 Примерочни грешки

Не е применливо (истражувањето е со целосен опфат).

## 13.3 Непримерочни грешки

Грешки во опфатот: Се обезбедува целосен опфат на годишно ниво. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска. Грешки во обработката: Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци. Грешки во неодговорот: Со оглед на обезбедениот целосен опфат, нема грешки во неодговорот. Поради специфичноста на проблематиката, не се врши импутација.

# 14 Навременост и точност

## 14.1 Навременост

Т+45 денови од последниот месец во кварталот.

## 14.2 Точност

Сите податоци се објавени според роковите во Календарот на објавување.

Податоците се објавуваат на денот, што е утврден ( најавен) во Календарот за навременост.

Индикатор на истражувањето е вкупната вредност на продажбата од земјоделски производи.

# 15 Кохерентност и споредливост

## 15.1 Географска споредливост

Постои географска споредливост на дисеминираните податоци на национално ниво и на ниво на региони.

Во однос на географската споредливост со останатите европски земји, исто така е обезбедена споредливост бидејќи податоците се прибираат во согласност со европските регулативи.

## 15.2 Временска споредливост

Временска серија на податоци на национално ниво од 1949 година.

Временска серија на податоци на регионално ниво од 2007 година.

## 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Направени се споредби на податоците на микро и макро ниво со податоците од истражувањето „Месечен извештај за цените на производителите на земјоделски производи"" (ЗЕМ.ЦЕНИ.А)."

Податоците тековно се анализираат и споредуваат на микро ниво со податоците од „Структурното истражување за земјоделските стопанства"" (СИЗС.1), додека пак споредби на макро ниво се направени со податоците од „Месечниот извештај за откуп на земјоделски производи од индивидуални земјоделски производители"" (ТРГ.31) и „Месечниот извештај за заклан добиток и живина во кланици"" (ЗЕ.52). Податоците се кохерентни."

| 15.4 | **Внатрешна кохерентност** |
|---|---|

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

| 16 | **Трошок и оптовареност** |
|---|---|

Не се пресметува

| 17 | **Ревизија на податоците** |
|---|---|

| 17.1 | **Политика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Ревизијата на податоците се прави во согласност со **Политиката за ревизија на ДЗС**.

| 17.2 | **Практика за ревизија на податоците** |
|---|---|

Не е применливо, нема ревизија на податоците во ова СИ.

| 18 | **Статистичка обработка** |
|---|---|

| 18.1 | **Извори на податоци** |
|---|---|

Истражувањето се базира на целосен опфат на оние деловни субјекти и земјоделски задруги кои вршат продажба на земјоделски производи од сопствено производство.

| 18.2 | **Фреквенција на прибирање податоци** |
|---|---|

Месечна.

| 18.3 | **Прибирање на податоците** |
|---|---|

Податоците од истражувањето се прибираат со метод на самопополнување во статистичкиот прашалник „Месечен извештај за продажба на земјоделски производи од сопствено производство на деловни субјекти и земјоделските задруги"" (ЗЕ.ТРГ.33). Пополнетите прашалници се доставуваат по пошта до регионалните одделенија за статистика најдоцна до 20-ти во наредниот месец, каде што се врши проверка на податоците и опфатот и се доставуваат до Државниот завод за статистика.

| 18.4 | **Проверка на податоците** |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Првична проверка на податоците се врши во регионалните одделенија за статистика при добивање на пополнетите прашалници. Проверка се врши и на готовите податоци пред нивното објавување.

| 18.5 | **Компилирање податоци** |
|---|---|

Податоците се обработуваат во Државниот Завод за статистика. Податоците се обработуваат по производи и група на производи на ниво на држава и на ниво на општина во кој е извршена продажбата. На крај се изработува сумар за Републиката.

При обработката на податоците се користи Националната номенклатура на земјоделски производи и услуги која е произлезена од НКД (односно CPA). Првите четири бројки се од CPA, а се додаваат две бројки кои се за национални потреби

Едитирање: Пристигнатите податоци, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, се внесуваат на електронски медиум, преку апликација со вградени on-line контроли.

## 18.6 Прилагодување

Не е применливо, не се врши прилагодување на временската серија  на податоците.

## 19 Коментар

Нема коментар.

## A.1 Анекси